ООУ„ Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка
адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

# ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ "СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ"- КРИВА ПАЛАНКА

## ПРАВИЛНИЦИ И ДРУГИ ИНТЕРНИ АКТИ ПРИ ООУ “СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ” – КРИВА ПАЛАНКА во учебната 2025/2026 година




**Датум,**
**Јуни, 2025 год.**

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

ООУ„ Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка

# ПРАВИЛНИЦИ И ДРУГИ ИНТЕРНИ АКТИ ПРИ ООУ “СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ” – КРИВА ПАЛАНКА

## ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ООУ „СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ - Крива Паланка

Врз основа на Стандардите за професионално однесување на наставниците во основните и средните училишта и Стандардите за професионално однесување на стручните соработници во основните и средните училишта, од 2020г., утврдени од страна на Министерот за образование и наука , како и повикувајќи се на член 24 став (2) од Законот за јавни службеници (“Службен весник на Република Македонија” бр.52/10 и 36/11), врз основа на кој министерот за информатичко општество и администрација го има донесено Етичкиот кодекс за јавните службеници, како и повикувајќи се на самиот Етичкиот кодекс за јавните службеници (“Службен весник на Република Македонија”, бр.133 од 30.9.2011г.), особено член 8 од истиот, училишното раководство го предлага следниот Етички кодекс за наставници и стручни соработници, кој според Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, (“Службен весник на Република Северна Македонија”, бр.161 од 5.8.2019г.), член 19, став (13), го донесува училишниот одбор на училиштето.

## ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

### Општи одредби

Општинското основно училиште „Свети Јоаким Крчовски“- Крива Паланка, е училиште кое е препознатливо по својот углед во средината во која се наоѓа и истиот и понатаму го гради преку реализирање на квалитетна настава, од страна на соодветни наставни кадри, преку употреба на модерни и современи методи и техники за работа, организирање разновидни воннаставни активности, меѓународни активности преку вклучување во Еразмус+ програмата, освојување многубројни награди на различни натпревари како и промовирање на постигањата на учениците. Тоа значи дека основната цел на училиштето е воспитување, образование, како и грижа за сите ученици. Работејќи според сите стандарди кои ги налага модерното време и современиот начин на живот ова училиште им нуди на сите ученици настава која е поткрепена со најсовремените методи на работа. На тој начин сите ученици добиваат еднаков третман од наставниците и имаат еднакви можности за да го развијат својот потенцијал и да ја искажат својата креативност.

Основните цели и карактеристики на етиката на ова основно училиште се: достојно извршување на функциите на сите вработени во училиштето; унапредување на наставната дејност; ширење на културата која е изградена и втемелена во работата на училиштето; почитување на традициите кои ги има училиштето; соработка со останатите училишта; соработка со локалната самоуправа; грижа за учениците, давање на помош и развивање на општите хуманистички идеи; грижа за угледот на институцијата.

Кодексот, со своите етичките норми и задачи кои ќе се разгледуваат во текстот кој следи, со посебен осврт на облекувањето на наставниците и сите вработени во училиштето, важи за секој вработен во училиштето „Свети Јоаким Крчовски“- Крива Паланка. Целта на овој кодекс не е да влијае на личниот избор на вработените или да дава оценка за тоа кое е прифатливо или неприфатливо облекување, туку почитување на поставените стандарди. Затоа, се очекува, сите вработени со својата чест, свесност и одговорност да ги поддржуваат овие определби и норми како составен дел од својата дејност и кариера и да придонесат во изградувањето на овие високи стандарди преку претставување на позитивна професионална слика пред учениците, родителите и другите засегнати страни (сите надворешни соработници на училиштето).

ООУ "Свети Јоаким Крчовски

ООУ„ Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка

## Етички кодекс за однесување на наставниците, стручните соработници и другите вработени во училиштето

### 1.Основни правила на однесување

Определувајќи се за професијата просветен работник, наставниците и стручните соработници треба да имаат јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, да ги знаат своите правила, задачи и одговорности, да бидат флексибилни личности кои ќе знаат да работат со поединци и групи, да се прилагодуваат на новите барања и да го користат сето свое професионално знаење и умеење. Во својата професионална работа наставниците, односно стручните соработници се обврзуваат:

- Професионално да ја извршуваат својата работа;
- Во целост да го спроведуваат воспитно - образовниот процес;
- Да ги почитуваат законските одредби во врска со времетраењето на наставата, работното време, паузата и часот;
- Во целост да ги почитуваат и остваруваат целите на наставата;
- Да ја воздигнуваат традицијата на просветниот работник;
- При работењето да не ги дискриминираат учениците, родителите или колегите и соработниците;
- Да ја почитуваат личноста на учениците, нивните родители и останатите вработени во училиштето;
- Да се грижат за целиот училишен простор и имот;
- Да ги почитува и да се придржува на правилата од куќниот ред на училиштето.

### 2.Професионалниот лик на наставникот, стручните соработници и другите вработени во училиштето

- Наставникот, односно стручниот соработник, треба:

- Да биде стручен и соодветно образован за работата која ја извршува;
- Да има високо развиена педагошка свест;
- Самостојно и во соработка со колегите да ја планира и да ја реализира наставата со коректност, непристрасност, објективност и чесност;
- Да ги знае и почитува законските одредби и одлуките на органите донесени на ниво на училиштето;
- За време на часовите и во текот на работата да внимава на јазикот, односно треба да зборува на литературен јазик, јасно, чисто и разбирливо;
- Да се употребува стил на комуникација која ќе биде соодветна со возраста на учениците, отворена и поучна;
- Секогаш да биде пример со својот изглед и со своето однесување;
- Да не се изложува во јавноста под дејство на алкохол и дрога;
- Да ја почитува личноста на секој ученик;
- Својата работа во образовната дејност да не ја злоупотребува за лична корист, при што несмее да прифаќа подароци, бесплатни услуги или награди кои можат да ја доведат во прашање неговата автономност, професионалност, кредибилитет и достоинство;
- Постојано професионално да се усовршува преку читање литература, посета на семинари, обуки, курсеви и користење на современа технологија;
- Да иницира проекти и нови методи во работата преку кои ќе го промовира своето знаење и ќе придонесе за развој и афирмација на училиштето во средината;
- Да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- Да ја почитува личноста на секој колега без оглед на неговото работно искуство, возраста, полот или националната или верската припадност;
- Да не упатува лични навреди кон колегите или тенденциозно да го напаѓа својот колега;

ООУ "Свети Јоаким Крчовски

- Да го искаже своето мислење без притоа никого од колегите да навреди;
- Во кумуникацијата со учениците, родителите и со други лица да ја цени стручноста и достоинството на своите колеги и да се воздржува од изнесување на слабостите и озборување;
- Во личен разговор или стручен состанок добронамерно и без тенденциозност да укажува на слабостите на своите колеги со што ги штити угледот на професијата и училиштето;
- Да ги почитува и спроведува ставовите и одлуките на мнозинството изградени врз слободна и јавна расправа;
- Да биде солидарен со својот колега, особено кога станува збор за решавање на социјални и здравствени проблеми;
- Да им помага на младите и нови колеги пренесувајќи им го своето педагошко и стручно искуство и знаење;
- Да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците, родителите и другите вработени;
- Да му помогне на родителот, а доколку тоа не е возможно потребно е да го упати во соодветната стручна институција во зависност од проблемот;
- Информациите добиени од родителот не треба јавно да ги изнесува пред колегите или пред останатите родители;
- Редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето;
- Да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет:

  - Наставникот при спроведување на наставниот процес, треба:

- Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница;
- Наставникот треба да создава клима, во која ќе бидат застапени сите педагошки компоненти за работа, во која ќе го поттикне ученикот да го изрази и развие својот надобар потенцијал;
- Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот;
- Наставникот треба редовно да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот;
- Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот;
- Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;
- Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот;
- Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- Наставникот секогаш треба да биде подготвен да ги воочи, да ги надмине и да ги реши сите пробелми во врска со наставата и учениците;
- Наставникот, потребно е да примени казнени мерки за ученикот кога се прават прекршоци или има недолични однесувања на учениците;
- Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички;
- Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;
- Наставникот е должен да ги почитува можностите на учениците со посебни потреби;
- Наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
- Наставникот се обврзува помеѓу учениците да изгради однос на другарство, разбирање и соработка;
- Наставникот треба да го научи ученикот како да се самооценува;
- Наставникот се обврзува да го оценува знаењето и постигањето на ученикот во согласност со поставените критериуми за оценување, кои важат за сите ученици подеднакво;
- Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- Наставникот треба да соработува со родителите и истите да ги вклучува во планирање на наставата;

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

- Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;
- Односот на наставникот и родителот треба да биде пријателски и во културен контекст кој ќе води до соработка;
- Наставникот се обврзува навремено и уредно да ги направи сите планирања за наставата и истите да ги достави до стручната служба;
- Наставникот се обврзува да ги планира и спроведе сите воннаставни активности кои ќе придонесат за максимален развој на учениците;
- Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа.

- Останатите вработени во училиштето, треба:

- Останатите вработени во училиштето треба да ги извршуваат работните задачи што се во нивниот домен, а се во согласност со Законот за основно образование;
- Да го почитуваат куќниот ред во училиштето;
- Техничкиот персонал редовно и навреме да ги чистат училниците, ходниците и другите простории за општествена и педагошка дејност;
- Техничкиот персонал да соработува со наставниците,стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата;
- Вработениот треба да доаѓа навреме на работното место;
- Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа;
- Вработениот не треба да дискриминира друг вработен или ученик по било кој основ вера, раса, возраст, пол, економски статус и сл. ниту пак да влегува во конфликт;
- Вработениот треба да го почитува секој ученик и вработен;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација со останатите вработени без вербални напади или навреди;
- Вработениот треба да го почитува времетраењето на паузата и да не ја користи надвор од предвидениот временски рок;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација и да биде на располагање на родителите и учениците во текот на целото работно време или во термините за прием одредени од самиот вработен;
- Вработениот со својот лик, однесување, говор и култура треба да биде пример за учениците и вработените во училиштето.

### 3.Етички кодекс на однесување на директорот на училиштето

Директорот ја има лидерската функција во водењето на секое училиште. Токму поради тоа потребно е да има изградени морални и етички вредности и да знае како да се однесува со сите вработени во училиштето. Поради тоа, директорот на ООУ „Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка, потребно е:

- Да ги штити граѓанските и човековите права на сите вработени во училиштето;
- Да ги почитува сите државни и локални закони;
- Да ги исполнува сите административни закони и законски одредби;
- Да се залага за одржување на високите стандарди на професионална работа кај наставниците и вработените во училиштето;
- Да обезбеди ефикасно и ефективно раководство и управување со училиштето;
- Да ја зајакнува комуникацијата внатре во училиштето и со јавноста;
- Навреме да ги информира вработените за сé она што е потребно или треба да се изврши или спроведе во училиштето;
- Да се залага за сé поголемо истакнување на училиштето во заедницата со препознатливи активности и проектни задачи;
- Да се залага за партнерство со родителите;

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- Да соработува со локалната самоуправа и ги истакнува сите потреби на училиштето и воспитно- образовниот процес во него;
- Да ја актуелизира тимската работа и да ја поттикне соработката на членовите на тимовите и тимовите помеѓу себе;
- Да се посветува на интегритетот, чесноста и почитувањето на личноста на секој од вработените;
- Да биде постојано лојален кон работата како и кон вработените во училиштето;
- Заедно со сите наставници да гради мрежа на соработка и комункација помеѓу училиштето, родителите, наставниците и локалната средина.

## Етички кодекс за облекување на наставниците, стручните соработници и другите вработени во училиштето

### 1.Правила и одговорности на раководството, наставниците, стручните соработници и другите вработени во училиштето

Сите вработени во училиштето треба да се придржуваат до овој кодекс за облекување, во согласност со улогата која ја имаат во училиштето. Со применувањето на овој Кодекс, вработените ќе дадат полн придонес во градењето на угледот на институцијата.

### 2.Насоки за правилно облекување

- Облеката на наставниот кадар и стручните соработници треба да биде формална и професионална, а не секојдневна лежерна облека;
- Мажите, се очекува да носат испеглани кошули и блузи, палта и панталони, трендовски панталони, непроѕирни со невпечатливи бои. Кошулите кои ги носат мажите (со кратки или долги ракави), може да се откопчани најмногу до првото копче. Може да носат видови на блузи кои одговараат на професијата, но да не се премногу спортски;
- Жените, се очекува да носат сукња во должина до колена, непроѕирни кошули или блузи кои нема да бидат кратки, ниту многу отворени, фустани кои имаат должина до колена, панталони и капри панталони (со должина една педа под колена), кошули и видови на блузи (со долги, кратки ракави и без ракави), кои не се премногу тесни или кратки, со невпечатливи бои и непроѕирни, костими со палто и панталони или палто и здолниште;
- Обувките на наставниците треба да се лично за нив удобни, пожелно е да одговараат на професијата, видот на чевли или чизми може да варира, но да не се провокативни или премногу спортски. Се очекува, мажите да носат чевли, мокасинки, а дозволени се и трендовски патики кои личат на чевли со невпечатливи бои и апликации. Кај жените се очекува да носат затворени чевли без штикла или не со премногу висока штикла, мокасинки, оксфордки, а дозволени се и трендовски патики кои личат на чевли со невпечатливи бои и апликации;
- Тренерки можат да носат исклучиво наставниците по физичко воспитание во предметна настава и наставниците во одделенска настава, кога имаат термин за предметот физичко и здравствено образование, додека пак кога доаѓаат на состаноци или кога исполнуваат други работни обврски треба да се облечени според насоките дадени за облекување на мажите и жените;
- Сите вработени, вклучувајќи го и директорот на училиштето, пожелно е да се облекуваат во професионален стил (исклучок за одредени настани);
- Облеката не треба да биде тесна и за мажите и за жените;
- Техничкиот персонал потребно е да ја носи својата работна облека при работата во училиштето;
- Сите вработени треба да внимаваат на својата лична хигиена;
- Косата треба да биде чиста и уредна без екстемни фризури или потстрижувања;

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

- Дозволено е носење на накит кој не е премногу нападен;
- Вработените да избегнуваат јаки и силно впечатливи парфеми.

**3.Што не треба да се носи**

- Хеланки, кожени панталони и сукњи, како и облека со животински дезени;
- Фармерки, скинати фармерки, тексас кратки сукњи или друга тексас облека;
- Блузи без прерамки, фустани со голи рамена, тесни прерамки или тенки врвци околу вратот;
- Тренерки (освен за наставниците по физичко и здравствено образование);
- Отворена или екстремно тесна облека, тесни панталони или премногу кратки здолништа;
- Облека која ја истакнува или отцртува долната облека;
- Секојдневни маички или шорцеви;
- Облека со големо лого или политички симболи;
- Премногу светликава и премногу украсна облека;
- Прозирна облека и тесна облека која што истакнува одредени делови од телото (општо прифатени како провокативни), не треба да се носи;
- Долната облека не смее да биде видлива или да се познава под облеката;
- Не смее да се носат спортски патики, отворени сандали, јадранки, апостолки, чизми над колена;
- Тетоважите и пирсовите не треба да се видливи.

## Завршни одредби

- Секој наставник, односно стручен работник се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс.
- Овој документ нема за цел да ја идентификува непристојната облека, напротив ова се насоки како треба да изгледа наставникот и вработените во нашето училиште во согласност со нашата култура, популација и опкружување.
- Овие барања и начела, може да се дополнуваат, прошируваат и усовршуваат.
- Етичкиот кодекс го донесува Училишниот одбор на училиштето.

## Мониторинг

- Се очекува од вработените да поведат лична одговорност во врска со кодексот на однесување и облекување. Казнени мерки би се презеле само во екстремни случаи на непочитување на кодексот на однесување и облекување;
- Кога директорот ќе забележи дека еден вработен повеќе пати не се придржува до кодексот на однесување и облекување презема соодветна дисциплинска мерка;
- Кога облеката е екстремно непристојна и несоодветна во согласност со пропишаните правила за облекување, директорот има право да го врати вработениот дома да ја промени својата облека;
- При потешки прекршувања на Етичкиот кодекс за наставници и стручни соработници ќе се постапи во согласност со член 19 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.
- Исклучоци може да бидат прифатени во одредени случаи поради здравствени проблеми или по претходен договор со директорот.

Овој Етички кодекс за наставници и стручни соработници, влегува во сила од денот на донесувањето на седницата на Училишниот одбор на училиштето.

ООУ"Свети Јоаким Крчовски"

ООУ„ Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка

# ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА УЧЕНИЦИТЕ
# ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ - Крива Паланка

## Општи одредби

Општинското основно училиште „Свети Јоаким Крчовски“- Крива Паланка, е училиште кое е препознатливо по со својата работа во средината во која се наоѓа.
Основна цел на училиштето е воспитување, образование како и грижа за учениците кои се на училишна возраст. Работејќи според сите стандарди кои ги налага модерното време и современиот начин на живот ова училиште им нуди на сите ученици настава која е поткрепена со најсовремените методи на работа.
На тој начин сите ученици добиваат еднаков третман од наставниците и имаат еднакви можности за да го развијат својот потенцијал и да ја искажат својата креативност.
Основните цели и карактеристики на етиката на ова основно училиште се: достојно извршување на функциите на сите вработени во училиштето; унапредување на наставната дејност; ширење на културата која е изградена и втемелена во работата на училиштето; почитување на традициите кои ги има училиштето; соработка со останатите училишта; соработка со локалната самоуправа; грижа за учениците, давање на помош и развивање на општите хуманистички идеи; грижа за угледот на институцијата.
Етичките норми и задачи кои ќе се разгледуваат во текстот кој следи важат за секој ученик во училиштето „Свети Јоаким Крчовски“- Крива Паланка. Овие норми потребно е да се почитуваат. Поради тоа се обврзуваат сите ученици, со својата чест, свесност и одговорност дека ќе ги поддржуваат овие определби и норми како составен дел од својата ученичка дејност и кариера.

### Етички кодекс за однесување на учениците во училиштето

Секој ученик се обврзува да ги почитува следниве норми:

- Доаѓај на училиште редовно и на време!
- Грижи се за училишниот простор и имот!
- Грижи се за личната хигиена и хигиената во училиштето!
- Биди совесен и одговорен!
- Изгледај и облекувај се пристојно и уредно!
- Зборувај без да користиш непристојни зборови!
- Не предизвикувај и не учествувај во караници и физички пресметки!
- Движи се низ училишните простории тивко и примерно!
- Покажи грижа и почит кон своите наставници и кон останатите ученици!
- Кажи го своето мислење но послушај го и почитувај го и туѓото мислење кое може да биде и различно од твоето!
- Исполнувај ги своите училишни задолженија најдобро што можеш!
- Биди внимателен и активен на часовите!
- Редовно носи училиштен прибор!
- Задолжително носи спортска опрема за време на часовите по физичко и здравствено образование!
- Прашај ги своите наставници за се она што не го разбираш!
- Разговарај со своите наставници за она што ти се случува во училиштето и надвор од него!
- Разговарај со своите родители за она што го учиш во училиштето, што ти се случува и како се чувствуваш во училиштето!
- Помагај им на помалку успешните ученици!
- Целосно се забранува носење и користење на мобилен телефон во училиштето;
- Не носи вредни предмети и повеќе пари во училиште, бидејќи твоја е осговорноста доколку се загубат!

ООУ"Свети Јоаким Крчовски"

- На часовите не е дозволено да се џвакаат гуми за џвакање, како и истите да се лепат на клупите и столчињата!
- Не го уништувај училишниот инвентар!
- Отпоздрави го наставникот кога ќе влезе во училница!
- За време на часот не излегувај во тоалет!
- Престојувај во училишниот двор за време на големиот одмор кога времето не е студено!
- Не излегувај од училишната зграда меѓу часовите освен за време на големиот одмор!
- Не приговарај на опомените на дежурните наставници и ученици!
- Ако во дворот видиш отпад фрли го во корпа за отпадоци!
- Штом го слушнеш ѕвончето веднаш влези во училницата!
- Не ги навредувај и не се однесувај насилно кон помалите и послабите ученици!
- Пристојно и трпеливо чекај пред училница пред започнувањето на часот!
- Не смееш да вршиш психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето!
- Кога наставникот зборува не го прекинувај!
- Обраќај им се со ВИЕ на возрасните!
- Користи молам, благодарам, повели, извини во секојдневната комуникација!
- Поздравувај со добро утро, добар ден и до видување!
- Почитувај ги различните од тебе!
- Истакни ги позитивните особини кај себе со постапки, а не со зборови!
- Ако не се однесуваат добро со тебе, БИДИ ПРВ кој тоа ќе го промени и однесувај се ти на вистински начин – ПРИСТОЈНО!
- Задолжително пренесувај ги информациите до своите родители по барање на наставникот.

## Кодекс за облекување на учениците во училиштето

Кодексот на облекување се однесува на облеката која што треба учениците да ја носат додека се присутни во училиштето.

Нашето училиште има високи очекувања од учениците не само за постигнувањата туку и за однесувањето како и личното претставување, затоа:

- Во училиштето учениците треба да носат училишни униформи;
- Носењето на училишната униформа има за цел да се даде впечаток на примерност на сите ученици;
- Училишната униформа обезбедува чувство на единство и еднаквост во училишната средина;
- На час по физичко и здравствено образование учениците задолжително носат соодветна спортска опрема и чисти спортски обувки;
- Се забранува носење на трендовски фармерки кои се искинати;
- Се забранува носење на кратки, мини сукњи;
- Се забранува носење на било какви шорцеви и кај момчињата и кај девојчињата;
- Се забранува носење на скапоцен накит;
- Се забрануваат лакирани и долги нокти;
- Се забрануваат впечатливи, висечки обетки;
- Се забранува секаков вид на шминка;
- Се забрануваат екстремни фризури кај девојчињата и момчињата и неуредна и фарбана коса;
- Облеката треба да биде уредна и чиста;
- Секој ученик треба да внимава на педантноста и личната хигиена.

Во случај на екстремен пад на температурите или премногу високи температури, во договор со директорот на училиштето се дозволува промена во кодексот на

ООУ"Свети Јоаким Крчовски"

облекување, но сепак во рамките на пристојна облека.

## Мониторинг

- Се очекува од учениците да поведат лична одговорност во врска со кодексот на однесување и облекување.
- Кога не се носи училишната униформа или останатиот дел од облеката е екстремно непристојна и несоодветна во согласност со пропишаните правила за облекување, директорот, наставниците, стручната служба, имаат право да го вратат ученикот дома да ја промени својата облека;
- Кога директорот, наставниците, стручната служба, ќе забележат дека еден ученик повеќе пати не се придржува до кодексот на однесување и облекување, против него се презема соодветна педагошка мерка.
- Исклучоци може да бидат прифатени во одредени случаи поради здравствени проблеми.
- Овој кодекс на однесување и облекување може да се променува и прилагодува во согласност со потребите на учениците.

ООУ "Свети Јоаким Крчовски

ООУ„ Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка

# ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА РОДИТЕЛИТЕ

# ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка

**Општи одредби**

Родителите се важен партнер во воспитно-образовниот процес и нивната соработка со училиштето е клучна за успехот и благосостојбата на учениците. Овој кодекс има за цел да ги утврди етичките принципи и очекувања во однесувањето на родителите во однос на училиштето, наставниците, учениците и другите родители.

**Етички норми за родителите:**

Родителите се обврзуваат:

- Да ја почитуваат улогата и професионалноста на наставниците и стручната служба;
- Да соработуваат со училиштето во интерес на детето и да учествуваат во воспитно-образовниот процес;
- Да присуствуваат на родителски средби, индивидуални разговори и други активности организирани од училиштето;
- Да ги почитуваат одлуките на училиштето и да ги следат препораките на наставниците и стручната служба;
- Да обезбедат редовно присуство на своето дете на настава и да го поттикнуваат на учење и дисциплина;
- Да се однесуваат културно и со почит при комуникација со наставници, ученици и други родители;
- Да не вршат притисок врз наставниците во врска со оценување или други одлуки поврзани со наставниот процес;
- Да не шират дезинформации и озборувања кои можат да го нарушат угледот на училиштето или на поединци;
- Да ги почитуваат правилата за безбедност и ред во училиштето;
- Да бидат пример за своето дете преку одговорно, чесно и почитувачко однесување;
- Да ги информираат наставниците за важни промени или проблеми кои можат да влијаат на однесувањето или успехот на детето;
- Да ги поттикнуваат децата на позитивни вредности, толеранција, соработка и почитување на различностите.

**Завршни одредби**

Овој кодекс е составен дел од правилникот за однесување во училиштето и се применува во сите ситуации каде родителите се вклучени во животот и работата на училиштето. Почитувањето на овие норми придонесува за создавање на здрава, безбедна и поттикнувачка средина за сите ученици.

ООУ"Свети Јоаким Крчовски"

ООУ„ Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка

# ЕКО КОДЕКС

Еко кодекс претставува еколошки правилник на однесување и постапување кој ја потврдува еколошката мисија на училиштето, односно претставува изготвен заеднички став на учениците и наставниците. Овој кодекс го диктира и насочува однесувањето на учениците и училишниот персонал во целото училиште.

Еко кодексот е изготвен врз основа на доставените еко пораки од учениците до Еко одборот на училиштето и се состои од следниве правила:

1. Нашата околина е наше огледало;
2. Училишната и животната околина редовно одржувај ја чиста;
3. Биди Еко кул и развивај ја еколошката свест и култура;
4. Да растеме, учиме и спортуваме во чиста и здрава средина;
5. Користи здрава храна имај здрав живот;
6. Во дворот, ходниците и училниците не фрлај отпадоци надвор од кантите за отпад;
7. Секоја умна глава ѓубрето во корпа го става;
8. Селектирај и класифицирај го разновидниот отпад за да истиот се реупотреби;
9. Одвој ги пластичните шишиња и хартијата од другите видови на отпад;
10. Засади и одгледувај цвеќе;
11. Биди активен на еколошките акциии;
12. После секоја употреба да се затварат славините на чешмите;
13. Водата треба да се штеди бидејќи за нашиот живот таа многу вреди;
14. После секоја употреба да се пушта вода во тоалетите;
15. Да не се фрла никаков друг отпад во одводот на канализацијата;
16. Хартијата што се употребува во тоалетите да се фрла во корпите за отпадоци, а не во одводот на тоалетите;
17. Секогаш да се изгаснат сијалиците кога се напушта училницата;
18. Да не се пали светло ако природното осветлување е доволно;
19. Да се исклучат од струја апаратите кога не се употребуваат, бидејќи многу од нив користат струја и кога не работат;
20. Затворете ги зиме вратите и прозорците кога греењето е вклучено;
21. Вреди енергија да се штеди;
22. Еден одделенски час во месецот да биде наменет за уредување на училницата и дворното место;
23. Природата да ја чуваме и почитуваме – да не ја уништуваме;

**<u>Правила за техничкиот персонал</u>**

1. Училниците секој ден по смените да се метат и поминуваат со дезинфекционо средство;
2. Училичните клупи и компјутери, особено тастатурата редовно да се чисти;
3. Училниците редовно да се проветруваат;
4. Стаклата на прозорците редовно да се чистат;
5. Ходниците и скалите редовно да се чистат и одржуваат;
6. Санитариите задолжително да се чистаат со еко дезинфекционо средство;
7. Редовно да се набавува и поставува течен сапун и тоалетна хартија во санитариите и истите рационално да се користат;
8. Дефектите на чешмите и казанчињата веднаш да се отстрануваат;
9. Дворот на училиштето редовно да се чисти, а два пати во пролет и два пати во есен да се измие/испере со млаз вода;
10. Зеленилото и цвеќињата во дворот, ходниците и училниците редовно да се наводнуваат и одржуваат

„Ајде сите сили да ги здружиме  
еко свеста сите да ја подигнеме

ООУ"Свети Јоаким Крчовски"

ООУ„ Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка

чистота и хигиената да ја одржуваме
животната средина да ја чуваме“

Препорака:

Еко кодексот да стане училишен еко правилник кој ќе го изгласат сите ученици и наставници на одделенскиот час.

Еко кодексот задолжително да се прочита на одделенскиот час.

Покрај текстуланиот дел да се вметнат соодветни илустрирани апликации, односно соодветно да се дизајнира просторот.

Еко кодексот да се истакне на видно место во секоја училница, ходник и огласна табла (по усвојувањето може да се истакне без илустративни апликации, а додека со илустративни апликации со почетокот на новата учебна година од месец Септември).

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

ООУ„ Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка

# Кодекс за ненасилство и недискриминација во меѓусебните односи на учениците и во самото училиште

Во негувањето на угледот и достоинството на ликот на ученикот и на училиштето, ученикот е должен да се грижи и придонесува за градење и развивање на позитивни и коректни односи со своите соученици при што треба да ги почитува следните правила:

- Зборувај без да користиш непристојни зборови!
- Не предизвикувај и не учествувај во караници и физички пресметки!
- Движи се низ училишните простории тивко и примерно!
- Покажи грижа и почит кон своите наставници и кон останатите ученици!
- Кажи го своето мислење, но послушај го и почитувај го и туѓото мислење кое може да биде и различно од твоето!
- Најстрого се забранува непочитување, нарушување на личноста, угледот и физичкиот интегритет на соучениците, вработените и наставниците во и надвор од училиштето!
- Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација, зошто секој ученик треба да биде ценет како личност без огледа на неговите способности, талент, пол, раса, култура, традиции, националност, вероисповест и социјална положба!
- Биди совесен, одговорен и со хуман однос кон сите во училиштето!
- Не врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето!
- Не ги омаловажувај и навредувај другите во училиштето и надвор од него и не пројавувај агресивност, нетолерантност, желба за доминација, болна самоувереност и амбициозност, ослабени позитивни механизми на однесување и слично!
- Биди искрен и лојален кон себе и другите!
- Почитувај ги аргументите на другите и не давај непристојни коментари!
- Биди одговорен кон средствата, инвентарот, другите материјални добра и условите во кои или со кои работиш во училиштето, како и кон уредувањето, облагородувањето на училишниот простор и околина!
- Најстрого се забранува внесување и употреба на алкохол, дрога, оружје, запалливи и експлозивни средства со кои се загрозува безбедноста во училиштето!
- Труди се училиштето да биде пријатно и безбедно место за тебе и за сите други, со навремено и објективно информирање за негативни појави и оштетување на инвентарот и соработувај со наставниците, родителите и раководните лица во училиштето!

Овој кодекс во своите одредби најмногу се однесува на заштитата од дискриминација и насилство, односно во него се претставени примери во форма на правила кои треба да се применуваат во пракса со цел да се утврди примената на принципот на безбедност, еднаквост и недискриминација во училиштето.

Секој ученик е должен и се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс. За непочитување и непридржување кон Кодексот одговорен е прекршителот лично.

***Одбивам насилство, бидејќи доброто што се создава со негова примена не трае долго, но затоа лошото што тоа го создава е трајно.***

***Махатма Ганди***

ООУ„ Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка

**Врз основа на член 66 став (2) од Законот за основното образование** („Службен весник на РСМ“ бр. 161/2019), и **Правилникот за начинот на пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување**, издаден од Министерството за образование и наука (бр. 18-9670/1 од 07.07.2025), **Општинското основно училиште „Свети Јоаким Крчовски“, Крива Паланка** донесе:

**П Р О Т О К О Л**
**за спречување на насилство, злоупотреба и занемарување**
во ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка

## I. ВОВЕД

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“, Крива Паланка, го изработи овој Протокол како интерен акт, согласно законската обврска училиштата да преземаат мерки за заштита на учениците жртви на насилство и да спроведуваат активности за превенција. Овој интерен акт го уредува начинот на превенција, идентификација, пријавување, документирање и справување со сите форми на насилство во училиштето, согласно Член 5 од Правилникот за постапување во случаи на насилство од 07.07.2025. Актот ги дефинира улогите и одговорностите на сите засегнати страни, вклучувајќи ученици, наставници, стручна служба, родителите и надворешни институции.

Протоколот се темели на:

- Принципот на најдобар интерес на детето
- Почитување на различностите, еднаквост и инклузивност
- Спречување на дискриминација и виктимизација
- Соработка со релевантни институции
- Превентивни програми и активности за добросостојба
- Строга забрана за телесно, психичко и сексуално малтретирање
- Обврска за навремено пријавување и интервенција

## II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1 – Предмет на Протоколот

Со овој Протокол се регулираат правата, обврските и одговорностите, како и начинот на постапување на директорот, стручните соработници, наставниците, учениците, родителите и другите вработени во училиштето во ситуации на зголемен ризик, насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација.

### Член 2 – Цел на Протоколот

Целта на Протоколот е:

- Превенција на можни ситуации на насилство
- Адекватно постапување во конкретни кризни ситуации
- Заштита на учениците, родителите и сите вработени
- Уредување на постапка за пријавување и интервенција
- Соработка со релевантни институции

### Член 3 – Намена и опфат

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Протоколот се применува:

- од страна на директорот, наставниците, стручните соработници и сите вработени
- во однос на учениците, родителите/старателите и членовите на училишните тела
- во сите случаи на насилство, без оглед на сторителот и местото на настанот

**Член 4 – Поимник**

Во согласност со Правилникот од 07.07.2025, се утврдуваат следните термини:

**„Жртва на насилство“** – ученик кој претрпел или бил изложен на форма на насилство. Во комуникација се препорачува употреба на изрази како: „ученик на кој му е направена неправда“, „ученик кој бил повреден“, „ученик со кој се однесувале несоодветно“.

**„Сторител“** – лице, најчесто друг ученик, кое пројавува насилно или несоодветно однесување. Препорачани термини: „ученик кој повредил друг ученик“, „ученик со проблематично однесување“.

**„Сведоци“ и „набљудувачи“** – лица кои присуствувале на инцидент на насилство, независно од тоа дали реагирале. Препорачани термини: „ученици кои биле присутни“, „ученици кои го виделе настанот“.

**„Контакт-лице за пријавување насилство“** – лице именувано од училиштето, задолжено за прием и обработка на пријави. Во комуникација може да се користи и изразот „лице за доверба“.

**Член 5 – Принципи**

Училиштето ги почитува следниве фундаментални принципи:

- Најдобар интерес на детето
- Еднаквост и забрана за дискриминација
- Почитување на различностите
- Учество и информираност
- Приватност и доверливост
- Забрана за виктимизација
- Стручност, одговорност и должност за постапување
- Забрана за непотизам и корупција

Сите активности и мерки мора да бидат во согласност со овие принципи и не смеат да предизвикаат дополнителна штета или повреда на правата на ученикот.

**Член 6 – Кодекс за ненасилство и недискриминација**

Во прилог на овој Протокол е вклучен и Кодекс за ненасилство и недискриминација во меѓусебните односи на учениците и во училиштето. Кодексот содржи практични правила и примери за однесување, со цел да се промовира безбедност, еднаквост и инклузивност. Стапува на сила со усвојувањето на овој Протокол.

**III. ДЕФИНИРАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО**

**Член 7 – Дефиниција на насилството**

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

Насилство претставува секое дејствие или пропуст што предизвикува штета, страдање или повреда на достоинството на ученикот.

**Член 8 – Видови на насилство**

Во рамките на училиштето, насилството може да се манифестира во различни форми:

- **Злоупотреба** – повторувано насилство врз истата личност, директно или индиректно штетно за ученикот.
- **Занемарување (негрижа)** – неуспех да се задоволат основните физички и психолошки потреби на ученикот, вклучително и пропусти од страна на вработените.
- **Експлоатација** – искористување на ученикот или неговата работна сила, вклучувајќи и форми на трговија со деца.
- **Физичко насилство** – употреба на физичка сила врз телото на ученикот, вклучувајќи телесно казнување.
- **Психичко насилство** – вербална злоупотреба, закани, понижување, игнорирање, заплашување.
- **Емоционално насилство** – однесување кое загрозува психичкото и емоционалното здравје на ученикот, како озборување, уцена, манипулација.
- **Социјално насилство** – исклучување, игнорирање, дискриминација, доведување во нерамноправна положба.
- **Сексуално насилство** – вербално, физичко или симболичко однесување од сексуална природа, без согласност или разбирање од страна на ученикот.
- **Врсничко насилство (булинг)** – намерни, повторувани негативни постапки насочени кон ист ученик или група ученици.
- **Кибернасилство** – малтретирање преку дигитални уреди, вклучувајќи навредливи пораки, фотографии, видеа, четови.
- **Насилство мотивирано од омраза или предрасуди** – насилство засновано врз лични карактеристики како родов идентитет, етничка припадност, религија, боја на кожа и сл.

**Член 9 – Поделба на насилствата по нивоа**

Видовите насилство се класифицираат во три нивоа, според сериозноста и потенцијалните последици:

**➢ Прво ниво – ниска сериозност**

- *Физичко*: чврги, буткање, штипење, гребење
- *Психичко/емоционално*: исмевање, навредување, прозивање
- *Социјално*: игнорирање, потсмевање
- *Сексуално*: дофрлање, гестикулации
- *Кибер*: повремени вознемирувачки пораки

**➢ Второ ниво – средна сериозност**

- *Физичко*: шлаканици, удирање, плукање
- *Психичко/емоционално*: уцена, закани, исклучување
- *Социјално*: дискриминација, манипулација
- *Сексуално*: допирање, покажување порнографија
- *Кибер*: злоупотреба на форуми, дистрибуција на приватни снимки

**➢ Трето ниво – висока сериозност**

- *Физичко*: тепачка, напад со оружје, изложување на опасности

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- *Психичко/емоционално*: рекет, наведување на употреба на супстанции
- *Социјално*: сериозни закани, организирани групи
- *Сексуално*: силување, подведување, злоупотреба на положба
- *Кибер*: производство и дистрибуција на порнографски материјал

(Подробна класификација е дадена во Прилог 2: Табела 1, 2 и 3)

Напомена: Насилството од прво или второ ниво, доколку се повторува, може да има сериозни последици и да се третира како насилство од повисоко ниво.

**Член 10 – Ученик жртва и ученик сторител**

Секој ученик може да биде жртва или сторител на насилство, во зависност од околностите.

**Најчести карактеристики на ученик жртва:**

- Ниска самодоверба
- Ученици со попреченост
- Девојчиња (ризик од родово насилство)
- Ученици од различни етнички, религиозни и социјални групи
- Најдарени ученици
- Нови ученици во паралелката
- Ученици без родители или од сиромашни семејства

**Најчести карактеристики на ученик сторител:**

- Агресивно однесување
- Доминантност и нетолеранција
- Неприфаќање на различности
- Ученици кои самите биле жртви или сведоци на насилство

**IV. ИМЕНУВАНИ ЛИЦА**

**Член 11**

За спроведување на овој Протокол, директорот го именува следното лице:

- **Контакт-лице за пријавување насилство и за спроведување на интерниот акт**: Марина Јакимовска Митовска – психолог. Таа е одговорна за прием на пријави, координација на постапките и следење на имплементацијата на мерките.
- **Заменик на контакт-лицето**:
  Викторија Груевска – психолог

Името и контакт-информациите се објавуваат на огласната табла и на веб-страницата на училиштето.

**V. ПРИЈАВУВАЊЕ НА НАСИЛСТВО**

**Член 12**

Насилството може да се пријави:

- Анонимно: преку кутија за пријави или онлајн формулар

ООУ Свети Јоаким Крчовски

- Директно: до контакт-лицето, заменикот, одделенски раководител или директор
- По електронски пат, телефонски или лично

Секој вработен е должен да ја проследи пријавата веднаш.

**VI. ПОСТАПКА ПО ПРИЈАВА**

**Член 13**

По прием на пријава, училиштето:

- Врши проценка на сериозноста.
- Вклучува засегнати страни: жртва, сторител, сведоци, родители.
- Води разговори во приватна, безбедна средина.
- Документира изјави без парафразирање.
- Изготвува план за заштита и интервенција.
- Вклучува надворешни институции кога е потребно.
- Разговорите со учениците се водат внимателно, без осудување, со користење на нивен речник, проверка на разбирањето и охрабрување за споделување.
- Родителите на жртвата и сторителот се вклучуваат во изработка на планот, освен ако тоа не е во најдобар интерес на детето.
- Ако родителите не соработуваат или дејствуваат штетно, училиштето го известува Центарот за социјална работа.
- Контакт-лицето го известува директорот пред да повика надворешни институции, освен во итни случаи.

**VII. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА**

**Член 14**

Мерките се пропорционални на сериозноста и последиците од насилството. Тие може да вклучуваат:
• Психо-социјална поддршка
• Физичко одделување
• Привремено учење од дома
• Советување и воспитна работа
• Педагошки мерки
• Преместување во друго училиште (како мерка за заштита)
• Сите мерки се спроведуваат со согласност и учество на жртвата.
• Ако сторителот е ученик, се применуваат мерки постепено:
– Психо-социјална поддршка
– Советување на родителот во надлежна установа
– Педагошки мерки (само ако претходните не даваат резултати и се работи за второ или трето ниво)
– Преместување во друго училиште (не како казна, туку како заштита на жртвата)

**VIII. УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ ВО СИТУАЦИИ НА НАСИЛСТВО**

**Член 15 – Општи должности**

Во случај на насилство меѓу ученици, сите вработени се должни:

ООУ „Свети Јоаким Крчовски"

1. Да побараат веднаш прекинување на насилното однесување
2. Да ги разделат учениците и спречат физички контакт
3. Да ги оддалечат останатите ученици
4. Да пружат помош на повредениот ученик
5. Да го известат одделенскиот раководител и контакт-лицето

**Член 16 – Посебни должности**

Сите вработени се обврзани да ги познаваат своите улоги и да учествуваат во обуките организирани од училиштето.

➢ Директор и секретар
• Запознавање со Правилникот и Протоколот
• Прилагодување на интерните акти
• Спроведување законски процедури
• Известување на надлежни служби
• Следење и вреднување на мерките

➢ Дежурен наставник
• Спроведување дежурство
• Воочување и прекинување на насилство
• Известување на одговорните лица

➢ Одделенски раководител
• Претставување на Протоколот и Правилникот
• Воочување и интервенција
• Разговори со учесници (прво ниво)
• Водење евиденција
• Информирање и разговор со родители
• Учество во интервенции

➢ Наставници
• Препознавање и пријавување

➢ Стручни соработници
• Реализација на превентивни програми
• Поддршка за ученици, родители и наставници
• Изработка на планови
• Предлагање и следење на мерки
• Евидентирање на случаи
• Соработка со институции

➢ Помошно-технички персонал
• Воочување и прекинување на насилство
• Информирање на надлежни лица

➢ Ученици
• Запознавање со Правилникот и Протоколот
• Пријавување на насилство
• Учество во превентивни активности

**IX. МЕРКИ ЗА СВЕДОЦИ И НАБЉУДУВАЧИ**

**Член 17**

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

Училиштето организира:
• Индивидуални или групни разговори.
• Работилници за ненасилна комуникација.
• Психо-социјална поддршка (по потреба).
• Сведоците и набљудувачите не се осудуваат ако не пријавиле навремено.
• Се организираат едукативни активности и врсничка поддршка.

**X. ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ**

**Член 18**

• Сите информации се доверливи.
• Забрането е споделување со лица кои не се вклучени во процесот.
• Разговорите се водат дискретно.
• Медиумите се информираат само преку директорот.
• Наставниците и стручните соработници разговараат со родителите, освен ако тоа не е во најдобар интерес на детето.
• Се обрнува внимание на заштита на личните податоци при водење евиденција и комуникација.

**XI. ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**Член 19**

• Се користи стандарден формулар за евиденција (Прилог 1)
• Плановите и досиеата се чуваат најмалку 4 години по завршување на основното образование
• Се води евиденција во согласност со прописите за заштита на лични податоци
• Одделенскиот раководител води евиденција и документација за интервенциите на прво ниво.
• Стручните соработници евидентираат случаи и предлагаат мерки.
• Се води евиденција и за разговорите со ученици, родители и институции.

**XII. СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ**

**Член 20**

Училиштето соработува со:
• Центар за социјална работа.
• Министерство за внатрешни работи.
• Здравствени установи.
• Локална самоуправа.
• Невладини организации.
• Соработката се иницира од контакт-лицето или директорот, во зависност од сериозноста на случајот.
• При насилничко однесување од страна на родителите, се повикува полиција и други релевантни институции.

**XIII. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И НАДЗОР**

**Член 21**

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

• За имплементација на Протоколот е задолжена психологот Марина Јакимовска Митовска.
• Надзор врши директорот и Наставничкиот совет.
• Се следи ефективноста преку евалуација и повратни информации од ученици и родители.

• Се организираат обуки за наставниот кадар најмалку еднаш годишно.
• Обуките се прилагодуваат на моменталните капацитети и потреби на вработените.
• Препорачани обуки:
  – За спроведување на Упатството и интерните акти
  – За зголемување на вештини за превенција од насилство и дискриминација

**XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 22**

Одделенските раководители се обврзани да го претставaт интерниот акт на часот на одделенската заедница, веднаш по почетокот на учебната година. Презентацијата треба да биде прилагодена на возраста на учениците, преку интерактивни вежби и дискусии.

**Член 23**

• Протоколот се применува веднаш по усвојувањето.
• Се ревидира при секоја промена на законската регулатива.
• Се чува во архивата на училиштето и се доставува до МОН по барање.
• Актот ќе биде објавен на веб-страницата на училиштето.

**ПРИЛОЗИ:**

**Прилог 1: Формулар за евиденција на насилството**

**1. Датум и час кога се случил насилниот настан/ситуација:______________________**

**2. Тип на насилство / повреда на ученикот (означи):**

☐[1] Физичко насилство
☐ Емоционално / психичко насилство
☐ Социјално насилство
☐ Сексуално насилство / злоупотреба
☐ Кибернасилство
☐ Занемарување
☐ Друго: ____________________

**3. Насилството се случува:**

☐ Првпат

[1] *Во случај на сомнеж за злоупотреба или занемарување, училиштето е должно да постапува согласно членовите 11 и 16 од правилникот, со координација со стручните служби и надлежните органи.*

ООУ"Свети Јоаким Крчовски"

☐ Се повторува повеќепати: __________ (наведете колку пати)

**4. Каде се случило насилството (можни се повеќе одговори):**

☐ Во училиштето
☐ Во спортската сала
☐ Во ходниците
☐ Во тоалетот
☐ Во дворот на училиштето
☐ На пат кон/од училиштето
☐ Во домот
☐ На Интернет
☐ Друго: ____________________

**5. Начин на откривање или воочување на насилството (означи):**

☐ Наставник
☐ Ученик сведок или ученик кој на друг начин дознал
☐ Стручен соработник
☐ Контакт-лице за пријавување насилство или негов заменик
☐ Пријава од обезбедувањето
☐ Директорот на училиштето
☐ Друго вработено лице во училиштето
☐ Пријава од родител/старател
☐ Пријава од личноста која доживеала насилство
☐ Анонимна пријава на е-пошта, интернет страница или во кутија
☐ Друго: _____________________________

**6. Опис на настанот:**

| |
|---|
| |

**7. Учесници во насилството**

**Дополни со број.**

**7.1. Колку жртви има во случајот?** _____

**7.2. Колку сторители има во случајот?** _____

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

**7.3. Ученик/ци жртва/и на насилство** *(Овој дел7.3. се копира онолку пати колку што има жртви во случајот и се пополнува за секоја жртва поединечно)*

Име и презиме: ___________________________
Возраст: ___________
Пол: ___________
Етничка припадност:
☐ Македонска
☐ Албанска
☐ Турска
☐ Ромска
☐ Бошњачка
☐ Влашка
☐ Српска
☐ Друго: _________________________

Дали ученикот е дете со попреченост или со посебни образовни потреби? Заокружете: ДА / НЕ

**Прашалникот го спроведе:**

Име и презиме: ___________________________ Дата: _____________ година

Потпис: ___________________________

**Прилог 2: Табели со категоризација на насилството**

| **Табела 1 – Прво ниво** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Физичко насилство | Емоционално/ психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибернасилство |
| - удирање „чврги“,<br>- буткање,<br>- штипење,<br>- гребење,<br>- кубење,<br>- гризење,<br>-сопнување,<br>- шутирање,<br>- валкање,<br>- уништување на предмети | - исмевање,<br>- омаловажување,<br>- озборување,<br>- навредување,<br>- ословување со погрдни имиња,<br>- пцуење,<br>- имитирање,<br>- „прозивање“. | - дофрлање,<br>- потсмевање,<br>- игнорирање | - дофрлање,<br>- пцуење,<br>- негативни коментари,<br>- гестикулации со сексуална алузија. | - повремени вознемирувачки повици на телефон,<br>- вознемирувачки СМС, ММС-пораки,<br>- вознемирувачки пораки на социјалните мрежи итн. |

| **Табела 2 – Второ ниво** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Физичко насилство | Емоционално/ психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибернасилство |
| - шлаканици,<br>- удирање,<br>- газење,<br>- кинење на облеката, | - уценување,<br>- закани,<br>- неправедно казнување,<br>- етикетирање, | - сплеткарење,<br>- игнорирање,<br>- отфрлање,<br>- невклучување,<br>- неприфаќање, | - сексуално допирање,<br>- покажување на порнографски | - огласи,<br>- клипови,<br>- блогови,<br>- злоупотреба на |

ООУ"Свети Јоаким Крчовски"

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - затворање,<br>- плукање,<br>- одземање и уништување на сопственост. | - забрана за комуницирање,<br>- исклучување,<br>- отфрлање,<br>- манипулирање. | - манипулирање,<br>- експлоатација,<br>- исклучување од групата врз дискриминаторска основа,<br>- навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа. | материјал,<br>- покажување на интимните делови на телото,<br>- соблекување. | форуми и четувања,<br>- сексуално насилство во видеоигри,<br>- снимање со камера на насилни сцени,<br>- дистрибуирање на приватни снимки и слики без согласност. |

| **Табела 3 – Трето ниво** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Физичко насилство | Емоционално/ психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибернасилство |
| - тепачка, давење, фрлање кои резултираат со сериозни физички последици /укажана помош од лекар,<br>- напад со палка, нож, оружје, кој може да има фатален исход,<br>- предизвикување на изгореници,<br>- забрана на храна и спиење,<br>- изложување на ниски температури. | - застрашување со уцена,<br>- рекетирање,<br>- ограничување на движење,<br>- наведување на користење на психоактивни супстанции (легални или нелегални),<br>- вклучување во секти,<br>- занемарување. | - сериозни закани за животот,<br>- изживување на група над поединец/група,<br>- дискриминација,<br>- организирање на затворени групи (кланови),<br>- навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа. | - заведување од страна на возрасни,<br>- подведување,<br>- злоупотреба на моќта,<br>- наведување,<br>- изнудување и принудување на сексуална активност,<br>- силување,<br>- полов напад врз дете кое не навршило 14 години,<br>- задоволување на полови нагони пред друг,<br>- обљуба со злоупотреба на положбата. | - дистрибуирање или објавување на приватни снимки и слики без согласност,<br>- снимање на вулгарни и насилни сцени кои се масовно дистрибуирани,<br>- прикажување на порнографски материјал,<br>- производство и дистрибуција на порнографски материјал. |

**Прилог 3: Табела со улоги и одговорности**

| Улога | Одговорности |
|---|---|
| Одделенски раководител | Информира ученици, следи однесување, пријавува инциденти |
| Наставник | Препознава знаци на насилство, пријавува, соработува со стручна служба |
| Стручна служба | Прима пријави, води постапки, комуницира со родители и институции |
| Лице за контакт | Координира постапки, следи имплементација, води евиденција |
| Директор | Одобрува мерки, обезбедува ресурси, комуницира со надворешни |

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

| | |
|---|---|
| | институции |
| Родител/старател | Соработува со училиштето, презема мерки дома, присуствува на состаноци |
| Ученик | Пријавува насилство, учествува во превентивни активности |

**Прилог 4: Формулар за план за заштита на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот**

1. Видови на интервенции кои ќе се преземат или се преземале, заедно со временска рамка:

| |
|---|
| |

2. Дали во интервенцијата била повикана друга институција или друго трето лице?
Заокружете: ДА НЕ

3. Ако одговорот на 2 е „да“, заокружете која институција или трето лице било повикано:
 ЦСР
 Полиција/ МВР
 Здравствена институција
 Јавно обвинителство
 Здружение на граѓани (допишете кое): ________________________
 Трето лице како независен експерт, специјален едукатор, друг (допишете професија и име
и презиме на лицето): ________________________

Ако сте повикале институција, наведете датум, час и име и презиме на лицето од институцијата во која сте го пријавиле случајот: ____________________________________________

4. Предлог-мерки за заштита на жртвата, временска рамка за спроведување и начини на следење
на спроведените мерки/интервенции

| |
|---|
| |

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

5. Предлог-мерки за промена на однесувањето на сторителот, временска рамка за спроведување и начини на следење на спроведените мерки/интервенции (се пополнува само ако сторителот е ученик/ци).

6. Процена на ефикасноста на преземените мерки за заштита на жртвата

Што се подобрило/на што сѐ уште треба да се работи:

Позитивни примери/позитивно однесување:

Негативни примери/негативно однесување:

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

| |
|---|
| |

7. Процена на ефикасноста на преземените мерки за промена на однесувањето на сторителот (се пополнува само ако сторителот е ученик/ци)

| |
|---|
| Што се подобрило/на што сè уште треба да се работи:<br><br>Позитивни примери/позитивно однесување:<br><br>Негативни примери/негативно однесување: |

8. Забелешка (во овој дел додајте ги останатите информации кои сметате дека се важни, а не се опфатени со прашањата, образложете доколку имало различни мислења или несогласувања околу пополнувањето на формуларот. Доколку сте се соочиле со тешкотии и недостиг од соработка со родители/старатели или други институции, наведете и образложете во овој дел)

| |
|---|
| |

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

ООУ„ Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка

Датум: --.--.20— г.

Име и презиме и потпис на контакт-лицето за пријавување насилство или на заменикот:

------------------------------------------------------------------------------------------------------

Име и презиме и потпис на директорот на основното училиште:

-------------------------------------------------------------------------------------------------

**Прилог 5:**

**Кодекс за ненасилство и недискриминација во меѓусебните односи на учениците и во самото училиште**

Во негувањето на угледот и достоинството на ликот на ученикот и на училиштето, ученикот е должен да се грижи и придонесува за градење и развивање на позитивни и коректни односи со своите соученици при што треба да ги почитува следните правила:

- Зборувај без да користиш непристојни зборови!
- Не предизвикувај и не учествувај во караници и физички пресметки!
- Движи се низ училишните простории тивко и примерно!
- Покажи грижа и почит кон своите наставници и кон останатите ученици!
- Кажи го своето мислење, но послушај го и почитувај го и туѓото мислење кое може да биде и различно од твоето!
- Најстрого се забранува непочитување, нарушување на личноста, угледот и физичкиот интегритет на соучениците, вработените и наставниците во и надвор од училиштето!
- Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација, зошто секој ученик треба да биде ценет како личност без огледа на неговите способности, талент, пол, раса, култура, традиции, националност, вероисповест и социјална положба!
- Биди совесен, одговорен и со хуман однос кон сите во училиштето!
- Не врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето!
- Не ги омаловажувај и навредувај другите во училиштето и надвор од него и не пројавувај агресивност, нетолерантност, желба за доминација, болна самоувереност и амбициозност, ослабени позитивни механизми на однесување и слично!
- Биди искрен и лојален кон себе и другите!
- Почитувај ги аргументите на другите и не давај непристојни коментари!
- Биди одговорен кон средствата, инвентарот, другите материјални добра и условите во кои или со кои работиш во училиштето, како и кон уредувањето, облагородувањето на училишниот простор и околина!
- Најстрого се забранува внесување и употреба на алкохол, дрога, оружје, запалливи и експлозивни средства со кои се загрозува безбедноста во училиштето!
- Труди се училиштето да биде пријатно и безбедно место за тебе и за сите други, со навремено и објективно информирање за негативни појави и оштетување на инвентарот и соработувај со наставниците, родителите и раководните лица во училиштето!

Овој кодекс во своите одредби најмногу се однесува на заштитата од дискриминација и насилство, односно во него се претставени примери во форма на правила кои треба да се

ООУ"Свети Јоаким Крчовски"

применуваат во пракса со цел да се утврди примената на принципот на безбедност, еднаквост и недискриминација во училиштето.

Секој ученик е должен и се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс. За непочитување и непридржување кон Кодексот одговорен е прекршителот лично.

***Одбивам насилство, бидејќи доброто што се создава со негова примена не трае долго, но затоа лошото што тоа го создава е трајно.***

***Махатма Ганди***

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

ООУ„ Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка

# КУЌЕН РЕД НА УЧИЛИШТЕТО

# ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1:** Со овој Куќен ред се уредува внатрешното работење на ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка, а во текстот што следи името на училиштето ќе биде наведено со зборот „училиштето“.

**Член 2:** Овој куќен ред се однесува на сите лица кои по било која основа претстојуваат во училиштето (училишната зграда, училишниот двор, спортската сала и училишните кабинети).

**Член 3:** Со одредбите на овој Куќен ред одделенските раководители се должни да ги известат учениците и нивните родители, а директорот на училиштето треба да ги извести Наставничкиот совет и останатите вработени во училиштето. Примерок од Куќниот ред треба се истакне на видно место во училиштето.

**Општи напомени**

Со куќниот ред се регулира редот, дисциплината, односите меѓу учениците, наставниците и наставата во Училиштето. Според Законот за основно образование, како и Статутот на Училиштето, учениците имаат права кои ги остваруваат преку наставата и другите облици на воспитно-образовна работа, а истовремено имаат и обврски кои што треба да ги исполнуваат и почитуваат.

## II. РАБОТНО ВРЕМЕ

**Член 4:** Вработените во училиште се должни навремено да доаѓаат и да заминуваат дома во време утврдено од страна на директорот.

**Член 5:** Во случај на спреченост вработениот да дојде на своето работно место треба да ја извести училишната управа веднаш или во првата прилика која ќе му се укаже. Вработениот има право на платен одмор од работа со надомест на плата согласно член 24 од Колективниот договор. Во други случаи, наставникот е должен да достави боледување.

**Член 6:** Наставниците навремено треба да дојдат во училница и да започнат со часот, не смеат да го прекинат или напуштат истиот пред тој да заврши. По завршувањето на последниот час наставникот последен излегува од училница или кабинет и ги исклучува нагледните средства од електрична енергија доколку истите се користат.

**Член 7:** Распоредот на работното време на директорот, помошник директорот, стручната служба и секретарот треба да биде јавно истакнат на нивните врати.

**Време на изведување на наставата**

ООУ "Свети Јоаким Крчовски

Наставниот процес во училиштето се реализира во две смени. Првата смена започнува од 07:30 часот и завршува во 12:55 часот, додека втората смена започнува од 13:00 часот и завршува во 18:25 часот. Во подрачните училишта, наставата се одвива од 08:00 часот до 13:25 часот. Времетраење на наставен час е 40 минути, со 20 минути голем одмор помеѓу вториот и третиот час и 5 минути мал одмор помеѓу останатите часови.

**III. ВЛЕГУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО**

**Член 8:** Учениците доаѓаат и одат сами на училиште или во придружба на родител/старател. Родителите/старателите ги испраќаат учениците до назначениот влез на училиштето и се забранува нивно влегување во училиштето. Учениците влегуваат во училиштето и излегуваат од него на влезот од кај училишниот двор, додека службениот влез е за вработени и странки. Родител на ученик со попречености може да влезе во училиштето.

**Ред за влегување и престојување во училишната зграда на учениците, вработените и надворешните лица**

Училиштето за влез и излез на учениците го користи влезот од страната на училишниот двор. За наставниците и вработените во училиштето се користи главниот влез.

Учениците доаѓаат на настава во училиштето најдоцна пет минути пред почетокот на наставата.

Влегувањето во учлници треба да биде уредно, тивко и навремено.

Учениците ќе доаѓаат и ќе си заминуваат од училиште сами, во придружба на родител (за учениците со посебни образовни потреби), или со организиран превоз.

По завршувањето на наставата учениците ја напуштаат училишната зграда, освен во случај на воннаставни активности.

Учениците не минуваат низ службениот влез на училиштето.

Не е дозволено учениците без одобрение да го напуштат часот и да се задржуваат во санитарните простории или во ходниците.

**IV. ПРЕСТОЈ ВО УЧИЛИШТЕТО**

**Член 9:** Учениците, наставниците и останатите вработени во училиштето може да претстојуваат додека трае наставата и останатите воспитно-образовни процеси.

**Член 10:** Во просториите на училиштето не е дозволено:

- попречување на воспитно-образовниот процес;

ООУ"Свети Јоаким Крчовски"

- внесување оружје, средства кои може да предизвикаат пожар или експлозија и сите средства кои може да го загрозат животот на учениците и сите вработени во училиштето;
- внесување и конзумирање на психотропни супстанции (цигари, алкохол и наркотични средства) во училишните простории, училишниот двор и сите места каде се реализира воспитно-образовниот процес;
- промоција и продажба на различни производи;
- меѓусебни навреди и насилно однесување;
- уништување на училишниот инвентар во и надвор од училиштето;
- шкртање по училишните ѕидови или другиот училишен инвентар;
- внесување на печатен материјал со непристојна или компромитирачка содржина;
- фрлање отпадоци на места каде тоа не е дозволено;
- учениците не смеат да доведат непознати личности во училиштето без одобрение и дозвола на одделенскиот раководител или директорот на училиштето;
- учениците не смеат да преиначуваат податоци, оценки и сл. во училишната администрација и документи (електронски дневник, евидентни листови, свидетелства, дипломи и сл.).

**Член 11:** Во текот на наставната година се препорачува учениците од одделенска настава да носат оброк/храна од дома.

**Член 12:** Должност на наставниците, учениците и сите останати вработени во училиштето е да се грижат и да не го уништуваат училишниот имот. Доколку некој од училиштето направи штета на училишниот имот, истата треба да ја надомести согласно Правилникот за надомест на штета.

**Член 13:** Наставниците, учениците и сите вработени во училиштето рационално треба да ги користат училишните средства кои им се ставени на користење. Секој дефект на електричната, водоводната, топлинската инсталација треба да се пријави од страна на наставниците на дежурниот наставник, хаусмајсторот или шефот на смена.

**Член 14:** Наставниците, учениците и останатите вработени во училиштето должни се да го почитуваат Етичкиот кодекс на училиштето и да се придржуваат на воспоставените правила и принципи во истиот.

**Член 15:** По завршувањето на работното време вработените во училиштето треба уредно да го соберат работниот материјал, да го стават на прикладно место, да ги затворат прозорците, да ги исклучат апаратите кои работат на електрична енергија, да ги ставаат нагледните средства на соодветните места и да ги заклучат кабинетите.

**Член 16:** Наставниците и останатите вработени треба да водат посебна сметка за педагошката документација, и во однос на неа треба да работат согласно Законот за заштита на лични податоци.

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

**Член 17:** Наставниот и останатиот работен материјал може да се внесува и изнесува од училиштето само во текот на работното време или надвор од работното време по добиена дозвола од директорот на училиштето.

**Член 18:** Вработениот во училиштето работните задачи кои произлегуваат од неговото работно место треба да ги извршува согласно Законот за основно образование и другите подзаконски акти кои произлегуваат од овие закони.

**IV.1 УЧЕНИЦИ**

**Член 19:** Учениците се должни да се однесуваат согласно правилата и принципите на Етичкиот кодекс на училиштето:

- културно да се однесуваат и да ги почитуваат правилата за престој во училиштето и надвор од него;
- во училиште треба да доаѓаат во училишните униформи;
- во училишниот двор и за време на часот по физичко воспитание ученикот треба да биде соодветно облечен – во спортска опрема;
- без дозвола на наставниците за време на часовите не влегуваат во други училници;
- да се однесуваат пристојно кон соучениците и сите вработени во училиштето;
- да се грижат за општата хигиена во целото училиште (училници, ходници, кабинети итн.);
- да се однесуваат примерно со што ќе влијаат на непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето;
- во училишните простории (училници, ходници, тоалети) е забрането користење мобилни телефони (постои забрана за носење на мобилен телефон во училиштето од страна на учениците и истата е регулирана со Етичкиот кодекс) и друга информатичко-комуникациски опрема (за непочитување на забраната ќе се превземат соодветни педагошки мерки, согласно Правилникот за изрекување педагошки мерки);
- сите потреби од административен карактер учениците ги остваруваат исклучиво преку класните раководители (потврди, ученички легитимации, уверенија и сл.).

**Член 20:** Доцнењето на учениците во училиште не е дозволено доколку за тоа нема некоја посебна и оправдана причина. Ученикот за доцнењето се евидентира во електронскиот дневник во делот за отсуство, а одделенскиот раководител го оправдува или не го оправдува отсуството на ученикот зависно од причините кои тој ги наведува. Отсуството од часови се оправдува со медицинска белешка или писмено оправдание од родител. Најстрого се забранува групно бегање од часовите. Изгубените часови мора да се надоместат, а на учениците ќе им бидат изречени соодветни педагошки мерки. Учениците кои од оправдани причини, со приложен доказ од родителот/старателот, од матичен лекар или од соодветна здравствена институција не се во можност да ја следат наставата со физичко присуство во училиштето, училиштето организира настава во домашни услови или настава од далечина.

**Член 21:** За време на наставата во училницата треба да владее ред и мир, односно прифатлива работна атмосфера. Ученикот кој сака нешто да праша или да каже таа намера ја

ООУ "Свети Јоаким Крчовски "

остварува со дигање рака и барање дозвола од наставникот. Наставникот своите забелешки во однос на работењето и однесувањето на ученикот ги соопштува на одделенските раководители. Доколку проблемите се поголеми се бара помош од училишната стручна служба (педагог, психолог).

**Член 22:** Ученикот не смее да го напушти часот или друга организирана настава без одобрение на наставникот и тоа може да го направи во исклучителни случаи доколку: ја посетува библиотеката, учествува како претставник од училиштето во спортски натпревари, учествува на културни манифестации, учествува на училишни натпревари на знаење итн.

**Член 23:** За време на наставата треба да се избегнува влегување на други лица (на пример, за чистење, поправка) во училниците сѐ додека учениците се наоѓаат во нив, како и влегување во училишната зграда на лица кои не се вработени во училиштето или деца кои не се ученици на тоа училиште.

**Член 24:** Мали одмори во траење од 5 минути се користат помеѓу часовите, голем одмор се користи после вториот час, во траење од 20 минути.

**Член 25:** При напуштањето на училницата учениците треба да си ги земат со себе личните работи. Училиштето не може да одговара за исчезнување на личните работи или пари на учениците.

**Член 26:** Во паралелката неделно се одредуваат по два дежурни ученика. Нивното задолжение е:

- пред почеток на секој час го известуваат наставникот за отсуство на ученици од паралелката;
- ја бришат таблата;
- ги известуваат надлежните во однос на некоја настаната штета, пронајдени предмети итн.;
- ја проветруваат училницата за време на одморите.

**Член 27:** За време на малиот одмор во училница постојано треба да биде присутен еден од дежурните ученици кој ќе се грижи за редот и мирот во училницата.

**Член 28:** Дежурниот ученик го одредува одделенскиот раководител според азбучниот редослед во одделенскиот дневник.

**Член 29:** За време на наставата не може да се одвиваат други активности и дејствија без одобрување на директорот.

**Член 30:** Учениците имаат право и треба да учествуваат во спортски, културни и други манифестации организирани од страна на училиштето, доколку се создадат услови за истото.

ООУ 'Свети Јоаким Крчовски'

**Член 31:** Учениците се должни да се грижат за уредноста и чистотата на училишните простории и просторот околу училиштето. Училишниот двор и училишните простории може естетски да ги уредуваат во договор со наставниците, одделенските раководители, директорот на училиштето.

**IV.2 РОДИТЕЛИ**

**Член 32:** Училиштето е во постојана комуникација и соработува со родителите/старателите на учениците кои следат настава.

**Член 33:** Родителите може да разговараат со наставниците во секоја среда или по претходна најава и договор.

**IV.3 ДЕЖУРСТВО**

**Член 34:** За време на реализацијата на воспитно-образовниот процес во училиштето се реализира дежурство од страна на наставниците. Распоредот и обврските на дежурниот наставник ги одредува директорот на училиштето. Распоредот за дежурство на наставниците се истакнува на училишната огласна табла.

**Член 35:** Местото и траењето на дежурството го одредува директорот на училиштето.

**Член 36:** Дежурниот наставник:

- доаѓа 30 минути пред почетокот на наставата;
- дежура  во согласност со распоредот на часови;
- за време на одморите се движи низ училиштето и ги предупредува учениците на ред и дисциплина;
- наставниците по физичко и здравствено образование се одговорни за спортската сала и спортските терени во училишниот двор и дежураат согласно нивниот  распоред на часови.

**IV.4 ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНАТА**

**Член 37:** Вработените хигиеничари се должни да ја одржуваат хигиената во училишните простории, ходниците, тоалетните простории и училишниот двор.

**Член 38:** Работното време на хигиеничарите е организирано во две смени:

- Прва смена: од 06:00 до 14:00 часот
- Втора смена: од 12:00 до 20:00 часот

**Член 39:** Хигиеничарите се должни да ги чистат и дезинфицираат сите училишни простории редовно, согласно утврдениот распоред и стандарди за хигиена.

ООУ"Свети Јоаким Крчовски"

**Член 40:** Хигиеничарите треба да пријават секој дефект или проблем поврзан со хигиената и одржувањето на училишните простории на надлежните лица (дежурен наставник, хаусмајстор или шеф на смена).

**Член 41:** Хигиеничарите треба да избегнуваат расправии со учениците и да ја извршуваат својата работа со почит и професионалност.

**Член 42:** Хигиеничарите треба да влегуваат во училници само кога е неопходно и да го прават тоа на начин кој нема да го наруши текот на наставата. Претходна најава или дозвола од наставникот е пожелна.

**V. КРШЕЊЕ НА КУЌНИОТ РЕД**

**Член 43:** Постапувањето по одредбите од Куќниот ред на училиштето претставува составен дел од работните обврски на вработените во училиштето и учениците. Вработените и учениците кои постапуваат спротивно од Куќниот ред одговараат според Статутот на училиштето, општите акти и другите закони на надлежните институции.

**Член 44:**

- Доколку ученик биде затекнат со мобилен телефон и други информатичко-комуникациски опрема, истиот од страна на наставник, дежурен наставник, одделенски раководител и стручна служба ќе биде одземен, повикан родител или старател и изречена педагошка мерка согласно Интерниот правилник.
- Секое кршење на Етичкиот кодекс и Куќниот ред од страна на ученикот ќе биде санкционирано согласно Интерниот правилник за изрекување педагошки мерки.
- Доколку продолжи несоодветното однесување се пријавува родителот кај надлежниот инспектор.

**VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 45:** Овој Куќен ред на училиштето стапува во сила со огласување на училишната огласна табла.

**Член 46:** Со стапување на сила на овој Куќен ред престанува да важи претходниот правилник за куќен ред на училиштето.

Претседател на училишен одбор:

Лидија Младеновска

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

ООУ„ Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка

## ПРАВИЛНИК ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ОД УЧЕНИЦИТЕ ВРЗ КОМПЈУТЕРСКАТА ОПРЕМА И ИНВЕНТАРОТ ВО ООУ „СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ - КРИВА ПАЛАНКА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредува прашањето сврзано со надоместокот на штета направена од учениците во Општинското основно училиште „Свети Јоаким Крчовски“ од Крива Паланка.

### II. ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 2**

Секој ученик е задолжен и одговорен да се грижи за компјутерската опрема и инвентарот во училиштето. Со завршувањето на настава завршува и престојот на учениците во училница освен по исклучок кога има одобрение од претпоставениот со цел да се изврши определена работа.

**Член 3**

После извршување на активноста ученикот треба да се јави кај својот претпоставен кој му определил извршување на определена активност после завршување на часовите.

### III. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ШТЕТА

**Член 4**

Дежурните ученици се должни веднаш по пристигнувањето да ја констатираат состојбата во училницата. Доколку увидат дека е направена штета веднаш да пријават кај предметниот наставник, раководителот на паралелка, шеф на смена  или помошник директор.

Пријавувањето дежурните ученици да го направат во писмена форма со потпис од двајцата дежурни ученици. Во отсуство на дежурниот односно дежурните ученици, потпис да стават претседателот на одделенската заедница односно во негово отсуство членовите на одделенската заедница. За училниците и инвентарот, заедно со смарт таблата и останатата техника, во кои што учат ученици од I-V одделение, одговорноста е на одделенските раководители и наставниците кои што предаваат во наведените одделенија.

**Член 5**

Дежурните ученици се должни да го одржуваат редот во училницата во услови на кратко отсуство на наставникот од училницата и за време на одморот, а во нивно отсуство обврската ја превзема претседателот на одделенската заедница.

### IV. УТВРДУВАЊЕ НА СТОРЕНА ШТЕТА И МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ

**Член 6**

Ученикот кој намерно или од крајно невнимание предизвикал материјална штета на училишниот инвентар, смарт таблата, компјутерот, штекер или прекинувач должен е истата да

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

ја надомести. Ако штетата ја предизвикале повеќе ученици, секој од нив е посебно одговорен за делот на штетата што ја предизвикал, а доколку не може да се утврди делот на предизвиканата штета, тогаш се смета дека сите се подеднакво одговорни и штетата ја надоместуваат во еднакви делови. Доколку штетата е ненамерно предизвикана, сторителите одговараат солидарно.

**Член 7**

Директорот со решение формира комисија, составена од наставници и стручни соработници, која е должна записнички да го утврди постоењето на штетата и околностите под кои истата настанала, висината и сторителот.

**Член 8**

Висината на штетата се утврдува врз основа на ценовник или книговодствена вредност на предметот, а доколку истите ги нема од страна на вешто лице се врши проценка на вредноста на предметот.

**Член 9**

Во постапката за надомест на штета се поканува родителот на ученикот да ја надомести сторената штета, а доколку истиот одбие тоа да го направи, се поднесува предлог до надлежен суд за надомест на штета. Согласноста за надомест на штета родителот ја дава во писмена форма (Прилог 1.).

**V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 10**

Измените и дополнувањата на овој Правилник, се вршат на начин на кој е донесен.

**Член 11**

Со стапувањето во сила на овој Правилник записнички да се констатира состојбата во секоја училница. Во комисијата задолжително да има претставник од одделенската заедница. Направената штета до стапување во сила на овој Правилник, доколку не е утврден сторителот, да ја надоместат сите ученици кои реализирале настава во таа училница и нивните одделенски раководители.

**Член 12**

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото објавување на огласна табла во училиштето.

**Претседател на УО при ООУ „Свети Јоаким Крчовски“**

Лидија Младеновска

Прилог 1.

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

ООУ„ Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка

**СОГЛАСНОСТ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА**

Јас, долупотпишаниот/а,

**Име и презиме на родителот:**

______________________________________________________________

**Адреса:**

______________________________________________________________

**Телефон:**

______________________________________________________________

***Електронска пошта:***

______________________________________________________________

како родител/старател на ученикот/ученичката

**Име и презиме на ученикот/ученичката:**

______________________________________________________________

**Клас/Одделение:** ______________________________________

давам согласност за надомест на штета направена од моето дете во Општинското основно училиште „Свети Јоаким Крчовски“ - Крива Паланка, согласно Правилникот за надомест на штета од учениците врз компјутерската опрема и инвентарот.

**Опис на штетата:**______________________________________________________

______________________________________________________________

**Вредност на штетата:** ______________________________________

Согласен/на сум да ја надоместам штетата во износ од ________________________ денари, утврдена врз основа на ценовник или книговодствена вредност на предметот, или проценка направена од вешто лице.

**Начин на надомест:**
1.Еднократно плаќање________________________________
2.Плаќање на рати (наведете број на рати: __________________)

Со оваа согласност се обврзувам да го извршам плаќањето во рок од ___________________ дена од денот на потпишување на овој документ.

**Датум:** ***Потпис на родителот/старателот:***

_____________________ _______________________________________

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"

ООУ„ Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка

**КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ПРИ УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ**

**ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка**

**ВОВЕД**

Врз основа на **Член 9** од **Правилникот за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности во основното образование** (објавен од Министерството за образование и наука на 4.8.2025 година), стручниот тим на ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка го изработи следниот **Кодекс за однесување на учениците** за време на училишните екскурзии.

**1. Почитување на законите на Република Северна Македонија**

- Учениците се обврзани да ги почитуваат сите важечки закони и прописи.
- Забрането е носење или употреба на опасни предмети.
- Се почитуваат сообраќајните правила при движење во група.
- Се забранува уништување или оштетување на јавен имот.
- Се почитуваат правилата на установите што се посетуваат.
- Се забранува секое однесување што може да предизвика правни последици.

**2. Достојно претставување на училиштето и градот**

- Учениците се однесуваат културно и со почит кон сите лица.
- Се облекуваат пристојно и соодветно на активностите.
- Се однесуваат така што го претставуваат училиштето и градот на достоинствен начин.
- Се избегнува непристоен говор, навредување и исмејување.
- Се негува другарство, соработка и тимски дух.
- Се покажува интерес и почит кон културните и историските места што се посетуваат.

**3. Забрана за консумирање алкохол и други недозволени супстанции**

- Строго е забрането консумирање алкохол, цигари и други супстанции.
- Забрането е носење такви супстанции во личен багаж.
- Се забранува купување или прифаќање од други лица.
- Наставниците имаат право на проверка на багажот при сомнеж.
- Секое прекршување се пријавува на родителите и директорот.
- Учениците се информирани за штетноста и последиците од употреба.

**4. Забрана за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување материјална штета**

- Забрането е викање, туркање, тепање или агресивно однесување.
- Се почитува тишината во јавни простори.

ООУ"Свети Јоаким Крчовски"

- Се забранува уништување на имот.
- Се избегнува провокативно однесување кон други групи или лица.
- Се пријавува секој инцидент на одговорниот наставник.
- Се поттикнува мирно решавање на конфликти.

**5. Забрана за оддалечување од групата**

- Учениците се движат во група и секогаш се придружени од наставник.
- Забрането е самостојно напуштање на групата без дозвола.
- Се почитува распоредот и времето за собирање.
- Се користи мобилен телефон само за контакт со наставник.
- Се следат упатствата за безбедност при движење.
- Секое оддалечување без дозвола се смета за сериозно прекршување.

**6. Дополнителни одредби**

- Родителите/старателите даваат писмена изјава за почитување на кодексот.
- Наставниците водат евиденција за однесувањето на учениците.
- Се применуваат дисциплински мерки при прекршување.
- Кодексот важи за сите училишни воннаставни активности.
- Учениците се информирани за правилата пред екскурзијата.
- Секој ученик мора да се придржува до кодексот во целост.

## ИЗЈАВА ОД РОДИТЕЛ/СТАРАТЕЛ

Јас,____________________________________________________, родител/старател на ученикот________________________________________________________, одделение, во ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка, изјавувам дека сум запознаен/а со **Кодексот за однесување на учениците при училишни екскурзии** и потврдувам дека моето дете ќе ги **почитува сите одредби од кодексот** за време на училишната екскурзија.

**Датум:** __________________
**Потпис на родител/старател:** ________________________________________

ООУ "Свети Јоаким Крчовски"